**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија**

**одржана на 7 јуни 2000 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија

(сала број 1) со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше д-р Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и г-да пратеници ја отворам Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдула Алиу, Ванчо Панчев, Горги Котевски, Борче Сибиновски, Нано Ружин ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да: притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Според тоа констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија г-дин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Основниот суд во Прилеп.

Записниците од 34-та и 35-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (нема).

Констатирам дека записниците од 34-та и 35-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

61 пратеник гласаа за, пет воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ предлага Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за домување, со Предлог на закон , Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, воздржани двајца и против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со тестен капитал со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

62 пратеника гласаа за, воздржани двајца и еден против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на РМ согласно член 339 од Деловникот на Собранието на РМ, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласаа за, двајца воздржани и четири против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Законодавно правната комисија предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Бараше за давање на автентично толкување на член 15 од Законот за Управата за јавни приходи, поднесено од Здружението на банкарството и осигурувањето при Стопанската комора на Македонија.

Предлогот на ЗПК го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласаа за, тројца воздржани и двајца против.

Констатирам дека Предлогот на ЗПК е усвоен.

Пратеникот Слободан Даневски предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за состојбите за водоснабдувањето на Свети Николе.

Информацијата ви е доставена.

Предлогот на пратеникот Слободан Даневски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

41 пратеник гласаа за, седум воздржани и 16 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Алија Шахиќ предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за уписните квоти на припадниците на националностите со посебен осврт на учеството на Бошњаците.

Барањето е доставено до Владата на РМ.

До денес ваква информација не е пристигната во Собранието,

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот потпретседател на Владата на РМ, Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас мислам дека таква Информација ќе се изготви и на една од наредните седници ќе се достави.

Јас незнам што друг одговор би дал во овој случај.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Почитувани пратеници и министри предлагам оваа информација да се стави денес на дневен ред, бидејќи уписите веќе почнаа, и додека се изготви информацијата за оваа година веќе ќе биде доцна.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие инсистирате на денешната седница да се разгледува?

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Но, ние немаме информација од страна на Владата. Јас незнам што ќе се разгледува на денешната седница, бкдејќк сеуште кемаме информација од Владата. Дали е можно тоа да се разгледува на наредната седница, тоа е за една недела да ја добиеме таа информација и да се разгледува.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш информацијата ќе се разгледа на наредната седница.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со:

Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Душевна болница Демир Хисар и Предлог на одлука за разрешување и именување на член на Одборот за контрола на материјално финансиското работеше на Македонската Радио Телевизија.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

52 пратеника гласаа за, двајца воздржани и 12 против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со оптштествен капитал со предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменвување и дополнување на Законот за домување, со предлог на закон;

5. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Европската повелба за регионални и малцински јазици, со предлог на закон;

6. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот мегу Република Македонија и Украина за

правна,помош во граѓансктие предмети, со предлог на закон;

7. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за признавање на статус на правно лице на Меѓународни невладини организации, со предлог на закон;

8. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Кралството Данска за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

9. Барање за давање автентично толкување на член 15 од Законот за Управата за јавни приходи, поднесено од Здружението на банкарството и осигурувањето при Стопанската комора на Македонија,

10. Предлог на декларација за поддршка на барањето за отворање на паралелка на албански јазик во Гимназијата "Јосип Броз Тито" во Битола;

11. Предлог за разрешување на судија поротник во Основниот суд во Прилеп;

12. Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Републичката комисија за односи со верските заедници;

13. Предлог на одлука за избор на членови на управниот одбор на Јавната здравствена организација Душевна Болница Демир Хисар;

14. Предлог на одлука за разрешување и именување на член на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Македонската радио и телевизија;

15. Информација за спроведениот референдум за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за туризам и угостителство Охрид;

16. Информација за состојбите со водоснабдувањето на Свети Николе.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

За збор се јави г-динот пратеник Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, барам денешниот дневен ред на седницата на Собранието да се дополни со Информација за актуелната безбедносна состојба во Републиката.

Кратко образложение. Крајно неодговорно до колку и Македонскиот Парламент се вклучи во спиралата на опасниот молк кој подолго време се случува кај сите надлежни министерства, посебно Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана и Министерствот за внатрешни работи, а особено кај Владата кога станува збор за актуелните настани и случаи кои со забрзано одвивање драстично ја влошуваат и онака кревката безбедносна состојба во Републикава. Несфатливо е овие органи веќе подолго време да не реагираат на упатените сигнали и пораки кои доаѓаат од високи функционери, па и високи разузнувачки лица на соседни држави, на пр. Грција и Бугарија за тоа дека РМ наскоро ќе се соочи со тешки проблеми во зачувувањето на својата безбедност, па дури и со нарушување на сопствениот територијален интегритет, загрозени, тоа се нивни оценки, пред се од албански радикални политички опции кои недвосмислено доаѓаат од Косово со сестрана поддршка на некои поединци во домицилните политички партии во РМ.

Второ, мораше ли да се случи уште еден тежок инцидент на Македонско - Југословенската граница во делот што ја покрива Косовската територија каде по незнам кој пат жива мета се нашите граничари и војници. Дали и тоа требаше па да се разбудат по малку од својата релаксирана состојба некои врвни политичари од државата со барање да расправа НАТО командата во Брисел, или Советот за безбедност во 00Н.

Меѓутоа, дури и тоа делува и задоцнето, па би рекол и смешно и тажно кога бараме како раководства на оваа држава, или органи да расправаат овие органи, а ние како Влада, Советот за национална безбедност кај г-динот Трајковски и овој Парламент сеуште не сме информирани, ниту сме расправале.

Трето, како врв на неодговорност и нездраво однесување на политичкиот врв на Македонија е фактот за тајниот извештај кој деновиве ја разбранува македонската јавност доставен уште пред месец и половина од Министерството за одбрана до г-динот Љубчо Георгиевски во кој се сугерираат елементи за појава на паравоени албански формации во РМ. Тоа се само дел од причините зошто барам на оваа седница на Собранието на РМ да се дополни со точка на дневниот ред со оваа информација за актуелната политичко - безбедносна ситуација во Републиката. До колку не биде прифатено, исто така ќе барам изјаснување

од страна на Собранието, а тоа мислам дека е во согласност со Уставот, бидејќи оваа материја заслужува навистина такво внимание Собранието на една наредна седница побара, односно со заклучок на ова Собрание да се затвори седницата и да биде презентиран пред Собранието овој извештај кој што е доставен од страна на Министерството за одбрана до премиерот за кој што ние сметаме дека како Парламент и како пратнеици треба да бидеме информирани.

Значи, заклучокот е, прво, на оваа седница да се бара информација од Владата, доколку тоа не се случи, барам Собранието со заклучок да се изјасни, односно да донесе заклучок за одржување на посебна затворена седница и тоа во текот на оваа недела најдоцна до понеделник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љубомир Поповски за предлогот.

Го молам г-динот потпретседател на Владата Бедредин Ибраими да се произнесе по предлогот.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас ја разбирам загриженоста на пратениците од СДСМ и сите овие изнесени квалификации се во корелација со нивниот ангажман околу уличната демократија за предизвикување на предвремени избори. Тоа е прво.

Квалификациите дека овде има дејствување на одредени групи, тоа се извадоци од жолта штампа и не смее да се користи оваа говорница и пред граѓаните да се даде една лажна слика дека безбедносната состојба во РМ е толку тешка како што ја претстави г-динот пратеник во моментот. Инциденти на границите се случувале за жал, но можеби и понатаму ќе се случуваат. Тоа е една појава која е неминовна не само во нашата земја, туку во сите земји во светот. Инцидентот нормално е за осудување и никој тоа не го оправдува. А за извештај наводно даден од страна на министерот за одбрана до премиерот, јас како потпретседател на Влада не сум запознат и незнам дали постои таков извештај.

Мислам дека нема никаква потреба на денешна седница да се изготви таква информација за безбедносната состојба во РМ. Оценка е на Владата дека таа е добра, а нормално другите можат да оценуваат дека таа состојба не е добра како што се произнесе и пратеникот пред малку.

Но, сепак, тоа е работа на Парламентот, може да одлучи парламентот да се расправа за такво нешто и Владата нема ништо против тоа. Но, за денешната седница неможеме ништо да подготвиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го слушнавме мислењето на претставникот на Владата.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас мислам дека ова што го слушнавме од страна на потпретседателот на Владата е во духот на она што веќе и во образложениетo за ставање на точка во дневниот ред беше кажано за однесувањето на нашиот политички врв особено на Владата кога станува збор за вакви важни, суптилни, витални и безбедносни прашања во државата. Инаку јас не можам да го разберам фактот, вие г-дине можете да прочитате денеска во весникот дека г-динот Борис Трајковски ќе бара свикување на итна седница на Советот за безбедност дека Теговски, амбасадорот во Брисел исто така бара седница на НАТО членките во врска со состојбите во Косово особено со опасна тенденција на нарушување на состојбите на Македонско - Југословенската граница во делот на Косово.

И мислам дека до колку вака високи раководители вчера беше исто така одржана една богата средба со амбасадорите кај претседателот на Западната алијанса веројатно тие не пиеле само кафе или разгоаварале за некои проблеми на кванташкиот пазар туку сигурно за она што се случува во РМ.

И вие соопштувате дека е тоа некој политички маркетинг. Јас не знам што треба да се случи во оваа држава па вие да се едноставно тргнете од таа релаксирана состојба која што постојано укажувате. Меѓутоа, стварноста е во една релаксирана и дури е заспана ситуација како Влада. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љубомир Поповски.

Има збор г-динот потпретседате Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас не го негирав инцидентот на границата со Косово. Тоа е факт. И барањето на претседателот колку што јас сум запознат се однесува токму за овој случај, а не за безбедносната состојба внатре во РМ.

Инцидентот е факт и нормално претседателот на Републиката, има право да побара да се свика таа комисија и да се расправа околу тоа. Но, околу ова прашање, да се расправа сега, во Парламентот, јас не знам која е целта.

Ако веќе, претседателот на државата превзема одредени активности, во рамките на неговите ингеренции, јас не знам сега која е целта за тоа прашање да се расправа во Парламентот.

Значи, да дозволиме, претседателот на државата да ја обави својата работа, да ја свика комисијата и нормално, потоа, да побарате информација, што е таму одлучено и кои ставови се завземени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Љубомир Поповски се јавува за реплика.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас немам намера да полемизирам со господинот потпретседател, но мислам дека, јас уште еднаш ќе спомнам, не знам што треба да се случи. Веќе неколку пати, во последните пет - шест месеци, имаме тешки четири до пет инцидента кои што се случуваат на западната граница на Република Македонија со Албанија и на северната граница, каде што страдаат војници. Тие ја симболизираат оваа држава господине Ибраими. Мислам дека тоа е парекселанс, безбедносно прашање. Па дури, јас сега би спомнал, дека и заканата, која што деновиве можевме да ја прочитаме, дека е можен атентат на вашиот потпретседател на Партијата, за мене е исто така, безбедносно прашање парекселанс, мислам дека станува збор за висок партиски функционер.

Од тој аспект, сите прашања ги ставаме во игра. Според тоа, мислам дека апсолутно има право Парламентот да расправа за едно вакво крупно прашање, како што е безбедносната ситуација во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме предлог од господинот Љубомир Поповски, денеска да се постави на дневен ред прашањето за политичко безбедносната состојба во Република Македонија, со која, претставникот на Владата не се согласува, има друго мислење.

Нам не ни останува деловнички ништо друго, освен да гласаме.

Да утврдиме, дали предлогот на господинот Љубомир Поповски, ќе го ставиме денеска на дневен ред и по него ќе бараме информација да расправаме.

Ве молам да гласаме.

22 пратеника гласаа за, 10 се воздржани и 37 против.

Според тоа, констатирам дека предлогот не е усвоен.

Ние имавме и втор предлог. На посебна затворена седница да расправаме за материјал кој што го има добиено премиерот и кој што е од доверлив карактер, колку што можев да разберам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по ова прашање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас не сум информиран, како потпретседател на Владата, дека таков извештај е доставен до премиерот.

Според тоа, не можам да се изјаснам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Исто така, по истиот пат, ние ќе мораме да се произнесеме по овој предлог на нашиот колега господинот пратеник Љубомир Поповски

Ќе ве молам да гласаме.

32 пратеника гласаа за, 14 воздржани и 26 против.

Според тоа, повторно го немаме потребното мнозќнство, за да го ставиме ова прашање на дневен ред.

Значи и ова прашање не можеме да го разгледуваме на денешнава седница.

Процедурално се јави господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласашето барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање, во врска со затворена седница на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално се јавл за збор господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Во отсуство на премиерот, јас ги имам сите ингеренции, фактички, да ја претставувам Владата.

Со самиот факт што кажав дека нема таков извештај, затоа треба да ми се верува и незнам за каков фиктивен извештај вие гласате овде и сакате да расправаме.

Мислам дека нема потреба од поединечно изјаснување на пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави процедурално господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине претседателе, дами и господа пратеници, кога се утврдува дневен ред, не е упатно да се гласа поединечно. Јас би сакал да немаме такво гласање. Компјутерската лкста, сеигурно постои, може да се види кој како гласал, но поединечно не мора. Да не мислите дека јас бегам од тоа мое изјаснување, доколку помага да немаме при утврдување на дневен ред вакво гласање, јас ќе кажам дека гласав за предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави повторно процедурално господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги.

Во двата исказа на потпретседателот, има различно искажана вистина.

Во првиот негов настап, тој кажа дека не е информиран, затоа дека има таков извештај што на некој начин влијаеше врз одлуката на секој пратеник, за пред неговото изјаснување дали таква точка да се стави на дневен ред, или да не се стави.

Во вториот неговј настап тој кажа дека станува збор за фиктивен извештај.

Се прашувам, ако не е информиран, како може потпретседателот да коментира дека станува збор за фиктивен извештај.

Сето тоа укажува дека претставникот на Владата, во името на потпретседателот, не говори искрено пред пратениците и од таму, пратениците не можат да се определат за текот на седницата, кој што е во фаза на реализација.

Затоа мислам дека потпретседателот треба да се држи до искажаниот негов став, а не на секоја наредна дискусија да го променува неговиот став.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јавува господинот потпретседател Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Точно е тоа дека кажав дека не сум информиран.

Во меѓувреме, позади мене седи секретарот на Владата и ми ја даде информацијата дека нема таков извештај доставен до премиерот.

Токму тука лежи мојот втор одговор, дека не постои таков извештај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално се јави господинот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Неколку пати ни се случува ваква ситуација, а еве и денеска.

Немам ништо против да се иницира на службите во Собранието за затворена седница, на која што ќе се претресе безбедносната ситуација во Република Македонија и т.н.

Меѓутоа, повторно деловнички правиме една грешка, што ја правевме пред неколку седници. На оваа седница, ќе гласаме да имаме на друга седница нешто. Каде го има тоа? Не може.

Вие се изјаснивте за друга седница. Преформулирајте го предлогот па тогаш да гласаме. А на оваа седница да гласаме за друга седница, тоа не може.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За реплика се јави господинто Димитар Бузлевски, за излагањето на господинот потпретседател на Владата.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

По интервенцијата на потпретседателот, јас сум дополнително збунет и незнам што да прифатам како аргумент, при мојата одлука, затоа како ќе се произнесам во врска со ставање на ваква точка на дневен ред.

Го прашувам потпретседателот, по консултацијата со секретарот, дали Владата, т.е. премиерот, господинот Љубчо Ѓорѓиевски има добиено информација од Министерството за одбрана, за содржината која што ја побара мојот колега, пратеникот Љубомир Поповски.

Нека се договорат и крајно нека кажат, има или нема таква информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако одговори господинот потпретседател дека нема, тогаш е беспредметно ние воопшто да гласаме.

Тогаш примаме дека не постои таква информација, а одговорноста ја сносат тие што ја кажуваат.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Причината зошто имав двоен одговор, јас ја кажав. Додека зедов збор првиот пат, секретарот не беше тука присутен. Од него добивам информација

дека до премиерот нема доставено никаков извештај од Министерството за одбрана.

Поради тоа, мислам дека е беспредметно, во овој Парламент да се стави нешто на гласаше, што не постои. Ако евентуално, такво нешто се случи во иднина, тоа може да се побара и нормално, да се расправа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, ве молам, да ја прекинеме целата расправа по ова прашање.

Го земаме за констатација, тоа што го кажа потпретседателот дека нема информација.

Ние не можеме да расправаме по нешто, што го нема, и да носиме заклучок да расправаме на посебна седница.

Јас немам ништо против, ако има таква информација, или ако оцени Собранието дека треба да се расправа, да се расправа.

Но, ако овластениот претставник, потпретседателот на Владата вели дека не е стигната до Владата, или нема таква информација, зошто ние да расправаме, за што заклучок да носиме.

Повелете господине Поповски.

Вие бевте подносител на тој предлог.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас овој извештај, во врска со кој се отвори полемика, го спомнав, само како еден повод за одржување на затворена седница, за актуелната безбедносна ситуација во Република Македонија. А тоа, дали господинот Ибраими е информиран, или не е информиран, дали господинот секретар е овластен да каже дека господинот Ѓорѓиевски не добил таков извештај и т.н., тоа за мене е илеревантно.

За мене е важно, господата колеги пратеници од ВМРО, да не навлегуваат во процедурални забелешки, од типот, за друга седница, или на другиот господин, да не му е јасно дека постои поединечно изјаснување. Мислам дека со тоа уште повеќе ја носат историската одговорност за избегнување на вакви клучни теми, за кои што мислам овој Парламент не треба да остане глув.

Од тие причини, мислам дека е поводот расправа на затворена седница, за безбедносната ситуација. А тоа, дали таа информација ќе биде повод, или ќе биде презентирана, за тоа нека одлучи Владата.

Јас токму од тие причини барам поединечно изјаснување на пратениците, дека тие не се за тоа. Тоа нека го потврдат, дека не се за тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега веќе е сосема преиначен предлогот.

Предлогот се однесува практично, на првиот предлог да имаме посебна седница, на која ќе се разгледува политичко - безбедносната ситуација во Република Македонија.

Сега е веќе сосема друго.

Го молам потпретседателот да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

По вака дефинираното прашање, Владата нема ништо против да подготви информација за безбедносната состојба во земјата, но не на оваа седница.

Да се закаже друга, посебна седница, на која, откако ќе биде подготвена таа информација, Парламентот да расправа.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Може да има посебна седница и по завршувањето на оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние ќе побараме, Владата да поднесе информација, нај итно што може.

Комисијата за внатрешна политика и безбедност и соодветната надлежна Комисија за разузнавање и контраразузнавање и т.н., да ја разгледа и оцени и да побара да свика посебна седница, на која што тоа ќе го разгледаме.

Инаку, ние сега, не можеме да се обврзуваме на наредната седница, дали ќе биде во понеделник, вторник и т.н., не е битно, откако ќе ја добиеме и ќе ја разгледаме, да можете да ја разгледате.

Инаку, Владата нема ништо против да подготви такаа информација. Да не го тајмираме времето утре. За утре имаме друга седница закажана.

Затоа велам, нека се разгледа, нека оди по овие тела, нека го оценат карактерот и ќе предложат дали ќе одиме на отворена или на затворена седница на Собранието и т.н

За збор се јави господинот Александар Флоровски процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во отсуство на господинот Китановски, очигледно улогата ја превзема господинот Поповски.

Јаа би сугерирал како претседател на Комисијата за контрола и надзор над работата на државната безбедност и контраразузнавање, она што и претседателот го спомна, да се свика седница, да поразговараме и заеднички, како Комисија, да излеземе со став да се расправа во овој Парламент. Тоа би било многу побезболно и во интерес на нацијата и на државата.

А за тоа, дали некој ќе сноси историска одговорност, времето тоа ќе каже и тогаш ќе разговараме, но да разговараме за информации лиферувани од бившото ултралевичарско списание, наречено "Пулс", а денска "Старт", за информации дадени од вашиот партиски војник Мирка Велиновска, овде, на ова Собрание, мислам дека е несериозно.

Доколку изворот на информации би доаѓал од сосема друга страна, тогаш веќе сите ќе поразмислиме и би гласале за една ваква информација, каде што можеме да расправаме. Но информации работени во вашите партиски кујни, сметам прво дека се невкусни и не држат вода.

Доколку имате валидни сознанија, дека во Македонија се формираат паравојски, нешто што се случуваше 1992 година, во вашиот период, јас ќе гласам за, но со валидни информации, се во интерес на заштита на суверенитетот на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, расправата да ја заклучиме, со еден предлог: Владата да подготви информација за политичко безбедносната ситуација, надлежните тела да ја разгледаат и да ја оценат итноста и карактерот на информацијата.

Со тоа, мене ќе ми достават предлог и јас веднаш ќе закажам седница.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Ова што кажува господинот Флоровски, тоа е друга работа. Не станува само збор за паравоени формации, станува збор и за овие инциденти што се случија вчера, господине Флоровски. Мислам дека тоа е факт и не можете да го пренабрегнете, и за три - четири инциденти што се случија во Дебар итн.. Да не зборувам за случајот трампа, за кој што денеска имате официјален документ на Јавното обвинителство, дека е вршена трампа, а вие тврдите дека не е така. Усвоивме информација и еден заклучок дека не е извршена трампа. А еве го документот, прочитајте го, со потпис на Јавниот обвинител Ѓорѓи Настевски, што ќе кажете на тоа? Не зборуваме ние за партиски војници, лиферувани приказни и т.н.

Мислам дека е јасна ситуацијата што бараме. Јас барам расправа на овој Парламент, за актуелната политичко безбедносна ситуација, во која што, меѓу другото, ќе се спомне сигурно и за паравоените формации, ги има, или ги нема, на крајот на краиштата, ќе се соочиме со таа работа. Владата ќе каже, а ние ќе опсудуваме за таа работа. Мислам дека сум јасен. Јас барам да се изјасни Парламентот по тоа прашање.

Второ, дали вие ќе заклучите да се побара информација на една наредна седница, тоа е друга работа, за тоа нека се одлучува. Но прво мислам дека треба да се изјасни Парламентот, со поединечно изјаснување, како точка на дневен ред за денеска.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние денска изгласавме дека не може да биде денеска на дневен ред.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас се сомневам во гласањето и барам поединечно изјаснување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со заклучок не можеме деловнички да изгласаме заклучок.

Ние денеска можеме да го прифатиме вашиот предлог, односно предлогот на Владата, да подготви информација и таа информација да ја ставам на првата наредна седница.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

На моето барање, потпретседателот ја одби таа можност.

Според тоа, јас се сомневам во гласањето и барам да се изјасниме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако претставникот на Владата се изјаснува за таква работа, дека ќе подготви информација, за наредната седница, ние ќе инсистираме најитно таа да се подготви.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Тоа може да биде по два месеца да чекаме, па потоа да нема никаква целисходност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакам да ве информирам дека ние ќе работиме секоја недела.

До распустот, ќе има седници секоја недела.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Тогаш барам, за седницата на 14-ти да се подготви.

Дотогаш има време да се подготви.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Вие господине Флоровски сакавте нешто да кажете. Повелете.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Нема да биде реплика, едноставно, она што значи старо случување, околу трампата, околу Џавид Хасани, нели имавте време и простор да ги ставите на дневен ред, на самата комисија да расправаме, ќе добиевте апсолутна поддршка, барем од моја страна, и од пратениците кои партиципираат во таа комисија.

Уште еднаш ве повикувам ова што денеска го презентиравте, можете и утре веднаш да го ставите како точка на дневен ред, спремен сум да ви дадам апсолутна поддршка и овде, дали на отворена или на затворена седница, како ќе одлучиме, да расправаме. Според тоа, нема повеќе причина да не зборуваме за оваа тема. Еве ви шанса, направете го тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално побара збор пратеникот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Господин претседателе, господинот Љубомир Поповски прво, нека излезе, нека се среди, нека види што сака, да напише што сака да каже и да не се игра со нас пратениците овде. Веќе три пати го менува исказот: за две минути, еднаш сакам ова, друг пат сакам она, гласаме за ова, гласаме за она, па за оваа седница, па за другата седница. Значи прво нека се среди, да види што сака, може би ќе треба да се побара и пауза, да си среди тој, па да видиме што да правиме ние.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас сум и премногу среден, но не сум толку среден како што сте вие средени, бидејќи сте вие засегната страна. Вашата сопруга е шеф на финансии во Министерството за одбрана. И според тоа многу е јасно зошто вака реагирате.

Второ, цело време, од почеток, барам расправа за актуелно безбедносната ситуација и ништо не сум сменил. Вие предлагавте претседателе тоа да го направите, па потпретседателот еволуира и кажа дека може тоа да се расправа тоа на една од наредните седници и т.н. Мислам дека треба да дојдеме до целта, а целта е да се расправа за актуелната безбедносна ситуација. Јас по можност барам тоа да биде денес и затоа поединечно да се изјаснат пратениците иако не помине тоа, тогаш има процедура, ќе ги покренеме механизмите на Собранието, но да биде тоа на наредната седница на 14-ти. Не можеме ние да расправаме во септември за актуелната безбедносна ситуација во Македонија кога ни се случуваат овие работи. Тогаш може би ќе биде и доцна за некои работи. Не дај боже.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е, во таа ситуација имаме согласност од претставникот на Владата, ќе ја подготват информацијата, ќе ја достават и ќе расправаме.

Пред да го утврдиме дневниот ред имаме уште еден пратеник кој бара зор.

Тоа е госпоѓата Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Овој пат, господине претседателе побарав навистина збор. Молам, на днеешната седница, во денешнит дневен ред да биде вклучена информација од страна на Владата околу текот на приговорите помеѓу Република Македонија и Европската Унија за договорот за стабилизација и асоцијација.

Ова Собрание има ингеренции во креирањето на надворешната политика на РМ, и во таа смисла треба да биде информирано, како што претходно беше ветено од шефовите на преговарачкиот тим, за секоја етапа од водењето на овие преговори, дотолку повеќе што ниту пред матичните собраниски комисии, ниту пред ова Собрание не е излезено од страна на преговарачкиот тим со некаква платформа, а од весниците, што јас никако не би ги нарекла жолт печат, како што тоа беше оквалификувано од страна на висок владин функционер на оваа седница. Сепак, дознаваме релевантни информаици кои се контраверзни во однос на ставот изложен од официјалните претставници. Такви информации доаѓаат и од некои дипломатски претставништва.

Молам, да се излезе од страна на Владата со една ваква информација по која би можеле да расправаме овде.

Второ, г-дине претседателе би сакала да ве замолам, кога се случуваат квалификации од навредлив тип, една искажана од потпртседателот на владата, а друга од страна на пратеник во ова Собрание и ки што се однесуваат на печатот

воопшто, да внимавате за тоа, бидејќи одиме под достоинството на овој претставнички дом.

Мислам дека треба да спречите квалификации кои се однесуваат на нешто што е регуларна задача на секој весник, а тоа е да објавува инфорамции.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во однос на првиот предлог јас го молам претставникот на Владата г-динот потпретседател Бедредин Ибрахими да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАХИМИ:**

Јас немам намера да се пуштам во полемика за одредени полемикации. Барањето беше точно засновано на тоа што пишува во весниците Ако мислите дека тоа е јавна исправа, тоа е ваш проблем. Јас мислам дека весникот не е јавна исправа, туку е средство за информриање на граѓаните.

По однос на второто прашање да кажам дека не ќе може на оваа седница да се расправа по однос на извештајот за преговорите со Европската унија, со оглед на тоа што сеуште ја немаме целосна информацијата, ние како Влада. Во моментот кога ќе ја добиеме таа информација од властениот преговарач во име на Владата, таа информа-ција ќе биде доставена до Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-ѓата Илинка Митрева, во врска со оваа констатација на потпретседателот.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине претседателе јас сега сум уште повеќе убедена во потребата, да не речам шокирана како што вели пратеникот Ханџоски. Значи уште повеќе сум убедена од потребата за итно доставување на ваква информација, бидејќи не е можно, преговорите се во тек а Владата за тоа да нема катадневви или навремено доставени ифнормаици од страна на преговарачкиот тим. Затоа, треба да се договориме со г-динот потпретседател за некои тајминг. Ако не може на оваа седница да им дадеме малку време да се средат впечатоците, па Владата да се среди од впечатоците што ке бидат изнесени од преговарачкиот тим, па на наредната седница на Собранието да ни достават информација. Меѓутоа тоа е оној рок кој што можеме да си го дозволиме.

Освен тоа, на последната седница на Комисијата за надворешн политика јас побарав од оваа комисија да отворат дебати и особено да ги потсетува шефовите на преговарачкиот тим, имено г-динот Тупурковски, кој такво ветување даде пред Комисијата, дека после секоја средба на овој преговарачки тим ќе има афтентични директни информации до собраниската комисија, што значи до самиот парламент. Бидејќи имаше таков заклучок, или еден вид на консензус на Комисијата за надворешна поклитика, јас сакам и овој аргумент да го употребам во прилог на потребата од подготвување, ако не на оваа седница, на наредната седница, за една таква информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во секој случај ние за ова прашање ќе расправаме. Ќе расправаме, веројатно наредната недела штом се врати г-динот Тупурковски од странство, најнапред во Комисијата за Европски и Евроатлански интеграции, таму ќе добиеме информација, а се разбира дека тоа не пречи да го прошириме и на седница на Собранието. Како да е во текот на наредната недела јас ќе ја свикам таа комисија и таму сигурно ќе добиеме некои најнови информации.

По ова прашање, мислам се јавува за збор и г-динот пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас сакам да се приклучам кон барањето на г-ѓа Митрева.

Мислев до крајот на оваа седница или ако тоа е невозможно на првата наредна седница Парламентот, секако, да има извештај за досегашниот тек на преговорите со Европската Унија, во врска со Договорот за асоцијација и стабилизација, за тоа што навистина станува крајно проблематично, парламентот досега да нема ифнормација, а читаме дека дури седум поглавја биле поминати од тој договор, а сепак во земјите на Европската унија за асоцијации и здружувања и ин-теграции со ЕУ, се одлучуваше на референдуми, во крајна инстанца, за тие прашања. Така што, еве, јас се приклучувам кон ова барање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Гошев за учество во расправата.

Деловнички побара збор, годинот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Јас ке укажам на фактот дека повторно се прави некаква опструкција на текот на седницата. Или ќе се постави и прашање за точка на дневен ред и ќе се гласа по нејзе или не може друго нешто, за

следна седница, сега. Каде го има тоа во Деловникот, за следна седница сега да бараме.

Ве молам прочитајте го Деловникот. Нема за следни седници, сега кога го утврдуваме дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние бараме како Собрание, на една од наредните седници да расправаме. Како заклучок може.

И претставникот на Владата кажа, тогаш кога Владата ќе ја подготви информацијата, Владата ќе ни ја достави. Јас се надевам дека тоа ке биде многу скоро, а јас ке ја закажам комисијата за Европска и Евроатланска интеграција каде што се расправа за овие прашања, наредната недела, па и тогаш веќе ќе добиеме првични информации.

Дали уште некој бара збор, во врска со дневниот ред.

Г-динот Благој Ханџиски побара збор во врска со дневниот ред.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе не би сакал да потсетувам од какво значење се преговорите, каква спогодба треба да произлезе, дека таа спгоодба треба да дојде конечно во овој Парламент, дека нејзината ратификација ќе зависи многу од транспарентноста на процесите на преговарање и ќе зависи многу од информираноста на сите пратеници. Затоа, мислев само да го поддржам вашиот предлог, прво дека има потреба да расправа Комисијата за Европски интеграции и да донесеме сега заклучок после расправата по оваа проблематика на Комисијата, да се уврсти во дневен ред точката и на седница на Парламентот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа можеме и како претседател на таа комисија јас ќе предложам заклучоците да ги разгледаме на седницата на Собранието.

Уште го у тврдуваме дневниот ред. Во врска со дненвиот ред разговараме.

Г-дине Данило Глигоровски, дали имате предлог нешто во врска со дневниот ред.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Г-дине претседателе.

Врз основа на членовите, 36 и 37 и врз основа на член 39 од Привремениот деловник на Собранието, а бидејќи веќе подолго време чекаме седница за пратенички прашања, јас можам и на оваа седница да го искористам своето пратеничко право да поставам едно, имам многу, меѓутоа, едно е многу горливо пратенички прашање. И врз основа на тие членови, бидејќи може тоа да се направи и на самата седница, во вид на усмено прашање, јас сакам да го поставам ова прашање, бидејќи е ептен критична ситуацијата во мојата изборна единца, на едно место па сакам да го поставам прашањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете, можете да поставите пратеничко прашање. Вие можете и писмено до мене, можете и усно овде да го поставите. Пратеничките прашања, според итноста може да се поставуваат на секоја седница.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе на Владата, почитувани министри, колеги пратеници.

Ова прашање го поставувам во името на над 40 граѓани од населбата Тафталиџе 1, кои живеат во близина на ноќниот локал "Змија" и чии потписи ги доставувам во прилог на ова прашање.

Замислете си ја ситуацијата, почитувани господа, секоја ноќ некој да ве вознемирува до раните утрински часови. Вознемирувањата се од следна природа: прегласна музика, узурпирани тротоари, блокиран гаражи на граѓаните. Загадување на животната средина од огромен број на возила кои безрезервно се паркираат во околината, како и нивно гласно турирање, луѓе кои вашите дворови ги користат како тоалет места, места за водење љубов или земање дрога. Шприцеви кои после употребата кои се фрлаат во вашиот двор. Отворени закани по вашиот живот доколку се обидете да се побуните за неподносливите услови и тортури што секој ноќ ги доживувате.

Доколку земете предвид дека тие вознемирувања траат околу 7 години, јасен е очајот на граганите што живеат во близината на овој локал. Во текот на тие 7 години, поточно до крајот на 1999 година имаме податоци дека до МВР се поднесни над 20 пријави од страна на граѓаните за нарушување на мирот и редот во нивната околина, но ниту една не стигнале до повисоките надлежни органи, туку сите завршиле во фиоките на полициската станица Карпош.

Во текот на изминатите 7 години граѓаните исто така се обратиле и до подрачната единица на Министерството за стопанство, но од таму им бил даден

одговор дека сопственикот на локалот имал добиено дозвола за работа.

Ве молам, потпретседателе, доставете го или проследете го прашањето до Министерот за стопанство, а имам две потпрашања.

Еден, барам информација кој службеник од Министерството за стопанство дал дозвола за работа на ноќниот локал "Змија" во комплетно урбана средина, притоа прекршувајќи го законот за доделување на таква дозвола, бидејќи не се исполнети некои услови за неговото отворање, како што се на пример: обезбеден паркинг плац за гостите, потребна оддалеченост од урбаното живеалиште, бучава, загадување и сл. Во едно барам Министерството за стопанство, да ја повлече Одлуката за дозвола за работа на таков локал во комплетно урбана средина.

Второто прашање е до Министерот за внатрешни работи:

Барам информација за бројните кривични пријави против сопствениците на локалот "Змија", за прекршоци во работењето, најчесто за работа после дозволеното време, како и за причините зошто истите не биле воопшто разгледувани понатаму од повисоките полициски органи, дури и од судските органи. Значи некој во полицијата таму бил филтер сите овие години.

На крајот сакам да ја дадам и следната забелешка:

Како шеф на делегацијата на Македонскиот Парламент во Советот на Европа, сакам да Ви обратам внимание на следниот факт:

Советот на Европа се занимава со прашања во врска со нарушувањето на човековите права. За тоа има формирано и судска институција.

Сметам дека основните човекови права на мир, спокојство и одмор во сопствените домови, на горе споменатите граѓани флагрантно се кршат веќе седум години. Затоа би сакал ова прашање да биде решено во рамките на нашата држава, со што би покажале и една демократска зрелост, и чувство за интересите на граѓаните би спречиле овој проблем да добие пошироки меѓународни димензии.

Еве ги доставувам потписите од сите тие што живеат околу овој локал.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, можеме ние веќе од наредната седница да ставиме прва точка на дневен ред, да ни биде пратенички прашања и тоа да трае само еден час. Дали се присутни претставниците на Владата или не се, не е битно, во секој случај Вие јавно ќе ги поставувате пратеничките прашања. На тој начин мислам дека ќе воведеме ред, затоа што тоа може да оди до бескрај и целата седница да ја посветиме само на пратенички прашања туку на секој седница прва точка ќе ни биде пратнеички прашања, ќе поставиме прашања, ако се претставниците на Владата тука да одговорат, добро е, ако не ќе им ги доставиме и ќе бараме по писмен пат да ни одговорат. Според тоа, тоа е ваше право, заправо наше право како пратеници и ние тоа право ќе го искористуваме веќе од наредната седница како прва точка од дневен ред, и како што реков, ке трае најмногу еден час, претходно за тоа ќе има договор, за да можеме после да работиме по другите точки од дневниот ред, а евентуално да не застарат некои пратенички прашања, некои пратенички прашања да не добијат карактер на информации, да се бараат итн.

Ова пратеничко прашање што се постави ќе биде доставено, бидејќи не гледам тука претставник од Министерството до кое Вие го имате поставено прашањето.

Деловнички се јавува г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам само да обрнам внимание дека и господинот Глигоровски и вие г-дине претседателе, го прекршивте Деловникот. Г-динот Глигоровски пред малку се залагаше да не се прави опструкција на седниците на Собранието, а сам направи опструкција. Вие требаше да го опомenete, бидејќи сеуште сме на утврдување на дневниот ред.

Според Деловникот не е спорно дека на почетокот или на крајот може да се постават деловнички прашања. Меѓутоа, со кое право му дадовте можност на г-динот Глигоровски сега да поставува пратеничко прашање. Се прашувам како нас сега ќе не спречите да поставуваме пратенички прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Петковски имаше право, во онаа смисла што требаше прво да го утврдиме дневниот ред, па понатаму да се поставуваат пратенички прашања. Тоа е во ред. Тука делумно нашиот пратеник не е прецизен до крај и може би тука се појавуваат одредени проблеми. Но, ќе ве молам, ако се договориме и денеска можеме да поставуваме пратенички прашања и да

тераме понатаму со пратенички прашања. Но, јас Ви предлагам, од наредната седница и на другите седници, прва точка на дневниот ред да ни бидат пратеничките прашања и да имаме договор, повеќе од еден час да не трае таа точка, за да не ни биде тоа опструкција за другите точки од дневниот ред. И сега колку се постават пратенички прашања, толку, па ке имаме наредна седница и секоја недела ќе одиме така, а Владата ќе ја потикнеме да биде присутна за да може директно да одговори. Во таа смисла јас мислам овој случај да биде екцес и од наредната седница да си го имаме како прва точка пратенички прашања.

За збор се јави г-динот пратнеик Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дине претседателе, господа пратеници, господа министри.

Јас побарав на денешната седница да се расправа, знаете писмото кое е испратено до мене од Елена Папацапа за уврedата на ромите и прекршување на Уставот на Република Македонија и преамбулата на Уставот, во која ние ромите сме внесени како национално малцинстов.

Јас како пратеник се обратив до претседателот на Собранието врз основа на член 32 од Деловникот на Собранието на РМ, но во дневниот ред на денешната седница не е ставено тоа прашање. Па доколу мисли претседателот не би дискутирал многу да не биде на дневен ред, тогаш имам доставено писмо и до Советот за меѓунационални односи исто така и до Комисијата, па ако мислите дека прво таму треба да се реши проблмеот, г-дине претседателе нема проблем. Инаку јас мислам дека ова е многу сериозна работа. Во Република Македонија со тоа се појавува еден голем расизам, еден голем шовинизам, се појавува еден нов фашизам, растурање на меѓунационалните односи во РМ. Ние ромите сме признати во Република Македонија, Република Македонија е наша држава. Првенствено јас сум Македонец од Ромска националност и признат сум во Уставот на РМ, и јас и сите роми во РМ. Тоа е увреда на ромите во РМ. Тоа е многу сериозно прашање и затоа јас барам овде во Собранието тоа да се внесе во дневниот ред на седница на Собранието и да разговараме за таа работа.

Барам од пратениците и од вас претседателе, бидејќи во дневниот ред на оваа седница не е ставено ова Барање, а знаете дека, а знаете сите, известени се и медиумите кои секој ден пишуваат имаат граѓани од разни националности кои се пријавуваат кај мене, и власите реагираат. Никој, не е да се растурат меѓунационалните односи односно да се нарушат.

Токму затоа барав во Парламентот да расправаме. Јас имам доставено писмо и до Вас и до сите, до претседателот на Државата - Борис Трајковски, имам до Вас г. претседателе, до претседателот Љупчо Георгиевски, до Министерството за внатрешни работи, до Јавното обвинителство и до сите медиуми, до сите пратеници ова да се достави и да го прочитаат и да го видат тоа мое барање. Ова е голема работа, не е мала работа. Се појавува нов фашизам и нов Берлински зид во Република Македонија. Јас многу умно како пратеник доставив до Душевната болница - Бардовци, да видам со кого имаме работа. Јас како пратеник почнав од почетната фаза до Душевната болница - Бардовци доставив барање да ми дадат документ дали такво лице се лекувало во таа болница. Добив одговор дека во потполно здрава состојба се наоѓа и не се лекувало во таа институција. Потоа продолжив оваа процедура да ја следам.

Доколку не може денеска да биде на дневен ред, и ако мислите дека треба преку друга процедура да помине, но сакам од Вас одговор да добијам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, во врска со барањето на г. пратеник Амди Бајрам, јас него го известив писмено, бидејќи тој побара писмено да се стави на дневен ред на седница на Собранието, го известив писмено дека тоа не можам да го направам, затоа што тоа не може да биде предмет на расправа на самото Собрание. Не навлегувам во причините, но ја прифаќам неговата сугестија тоа прашање да го отворам во Советот за меѓунационални односи, кој што е закажан за 27 овој месец и таму тоа прашање ќе го поставиме и ќе го разгледаме.

Ако сте задоволни со тоа можеме да планираме така.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара г. пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас се извинувам што во крајна линија мислам дека ќе го прекршам малку Деловникот, меѓутоа бидејќи веќе дадовте право на еден од пратениците од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да постави пратеничко прашање, јас ќе ја почитувам вашата сугестија моите пратенички прашања да ги оставам за една од наредните седници, меѓутоа бидејќи една актуелност се провлекува долго време и имам навистина голем притисок од луѓето да го поставам тоа прашање, би ве замолил да ми го дозволите тоа на денешната седница, а другите прашања да ги оставам за оној терк на работа на седниците, кои што вие го соопштивте на почетокот, или на крај на наредните седници да ги поставуваме пратеничките прашања.

Бидејќи нема компетентни претставници на Владата, ресорни претставници, денеска би молел во писмена форма да се проследи прашањето и за една од наредните седници да ми се достави писмена информација за истото.

Конкретно, за што се работи?

На 25.09.1998 година на магистралниот пат Прилеп - Битола, во непосредна близина на с. Тополчани, според тогашното соопштение на Министерството за внатрешни работи во сообраќајна несреќа, со превртување на џип Ландровер СК-445 ВА несреќно животот го загуби Драган Николески вработен во Инвест банка.

Од страна на родителите уште тогаш, по несреќата е покрената судска постапка за реконструкција на целиот настан, сомневајќи се во наодите и извештајот на сообраќајната полиција.

Притоа, во меѓувреме по налог на родителите тројца вешти лица, независни еден од друг потврдуваат дека во опишаната ситуација и на конкретното место не можело да дојде до превртување на возилото.

Исто така, по барање на родителите на 21.05.1999 година направена е ексумација и после извршената обдукција на телото на починатиот вештото лице потврдува во посмениот извештај: "децидно неможам да кажам дека лицето овие повреди ги добило од позиција на возач, а смртта настанала со тапо тврда сила, со делување на пределот на десната слепоочна регија".

Тоа дава право на сомневање кај родителите дека постапката не е водена како што треба и затоа во име на родителите, во крајна линија и во име на правдата воопшто барам Министерството за внатрешни работи да изврши комплетна реконструкција на овој настан и заедно со Министерството за правда да даде комплетна информација, особено да одговори на следните две прашања.

Прво, зошто судот во Битола се уште не го отвора предметот за расправа, да се изврши оваа реконструкција?

Второ, децидно да се изврши истрага кој ја дал наредбата да се извади џипот непосредно по случката, кога сеуште не биле испитани трагите на крв? Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сите останати тројца кои што се пријавени, ако имате нешто во врска со дневниот ред, околу дополнување на дневниот ред повелите, а инаку следната седница прво прашање ќе биде пратенички прашања.

Бидејќи и онака сега нема претставници на Владата, може само за публицитет да ги поставувате прашањата, а одговори не ќе може да добиете денеска.

Има збор г. Кирил Настевски, процедурално за дневниот ред.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Јас сакам да го применам искуството од Советот на Европа, каде што се исполнуваат човековите права во поглед на пратеничките прашања.

Имав десетина прашања да поставам, а ќе се воздржам и се надевам дека ќе добијам шанса на една од наредните седници, но би бил најсреќен да има присутни претставници од Владата за да навистина прашањата не бидат "пукање во празно".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Кирил Настевски, за реагирањето.

Има збор г. пратеник Славко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, наполно го поддржувам вашиот предлог и сугестија пратеничките прашања да се поставуваат на почетокот на седниците, етички да биде тоа околу 1 час на почетокот на секоја седница и навистина го сметам тоа како демократски чин и ќе се обидувам да се придржувам кон тој нов ред, меѓутоа во овој момент сакам да

и укажам на Владата дека низ дискусиите за Законот за екологија, во кој ги регулиравме проблемите со вознемирувањето, бучавата и со измените на законот за угостителство до Министерството за стопанство укажував исто како и г. Данило Глигоровски, за слични случаи во градот Штип, за вознемирување и узурпирање на мирот на граѓаните, поткрепен со низа петиции во градот Штип, поради што подоцна и бев изложен на низа медиумски атаци во мојата средина, но би сакал да го дополнам прашањето на г. Данило Глигоровски со ситуацијата во Штип и би сакал да биде разгледана.

Јас во неколку наврати зборував на говорницата за сличен проблем во Штип, така да се извинувам што го користам пратеничкото прашање на г. Данило Глигоровски, меѓутоа тоа беше повод и јас да се јавам за ситуацијата во градот Штип и би ја замолил Владата сличниот проблем да го разгледа во градот Штип и познатите случаи за кои зборував на една од претходните седници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Златко Стојменов.

Има збор г. Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Јас немам пратеничко прашање, но деловнички во врска со пратеничките прашања јас ви давам поддршка на предлогот за наредните седници, меѓутоа јас ве молам, во ваше отсуство, сигурно ве запознаа дека се даде ветување од претседавачот на една од минатите седници, по вашето враќање од службен пат дека ќе закажете продолжување на седницата која што е прекината во врска со пратеничките прашања, на која што пратениците се пријавени. Мислиме дека таа листа е важечка и деловнички не ќе може да се поништи.

Јас ве молам вашиот предлог да важи откако ќе заврши веќе започнатата седница и ве молам таа седница закажете ја побрзо, додека почитуваниот пратеник Данило Глигоровски не го постави прашањето на кафеаната Змија во Советот на Европа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Малициозностите да ги оставиме на страна. Како идеа е фантастично и јас по таа листа, ќе одиме по онолку пратеници колку што ќе сакаат да постават прашање.

Значи имаме веќе однапред утврдена листа на пратеници, кои ќе ги прозивам и ќе ги поставуваат прашањата.

(г. Данило Глигоровски бара реплика).

Ве молам, малициозноста ја оценивме како негативна. Да не влегуваме во дијалог, не ќе можеме да го утврдиме дневниот ред. Вака ќе немаме крај, ако сакаме да бидеме конструктивни.

Ве молам и Ковачевски и другите да не пуштаме, така да кажам непријатни стрели за да доаѓа до вакви престрелки.

Господинот Љупчо Анушев побара збор.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Не сакам да поставувам никакви пратенички прашања, меѓутоа ме испровоцираа колегите кои што имаат забелешки на Законот за угостителска дејност и ми е чудно што дури сега реагираат за амандманот кој беше поставен од мое име и од колегата Илија Прангов, со кој што баравме ноќните клубови да не се дозволуваат во станбени комплекси кога се од отворен тип, а тој амандман не помина во ова Собрание. Сега сите имаме забелешки, имаме поплаки од граѓаните за такви случаи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова повеќе беше коментар на г пратеник Љупчо Анушев.

Има збор г. пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, морам да признаам дека сум збунет на почетокот на оваа седница затоа што веќе не знам што е. Дали се пратенички прашања, дали е утврдување на дневен ред, но во врска со вашиот предлог еден час на секоја наредна седница да има пратенички прашања јас сакам да интервенирам со мој предлог во прилог на тоа што вие предлагате.

Еден час е малку за пратенички прашања. Мислам дека тоа треба да биде 2 саата и воедно да се утврди во Собранието, тоа што е уште поважно во кој рок Владата ќе треба да ни доставува одговори, затоа што пратеничките прашања нема да имаат никаква смисла ако на тие пратенички прашања не добиеме одговори. Дали денеска или на наредната седница, кога ќе ги поставуваме прашањата, истовремено да се донесе дали одлука на Собранието, или нешто друго, колку време треба да чека пратеник за да добие одговор на поставеното прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со сиот респект кон предлогот на г. пратеник Исмет Рамадани сакам да укажам дека ние имаме деловничка одредба, која се однесува најдоцна од рок од 15 дена од поставеното пратеничко прашање должна е Владата, а тоа значи министерствата и т.н., на кои им се упатени тие прашања да одговорат. Ние ќе гледаме да се придржуваме на тој деловнички рок од 15 дена, порано не можеме да побараме, а ако доцни Владата со одговорот, во тој случај ќе интервенираме, па дури и на седница ќе го поставиме тоа прашање.

Дали сте задоволни г. Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Да, задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара г. пратеник Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Господине претседателе, од мое име можам да го искажам моето мислење, иако добар дел од мојата дискусија ми одзема претходниот дискутант во однос на начинот на водењето на дискусијата на седницата и поставувањето на дневниот ред.

Јас мислам дека навистина премногу време губиме при утврдувањето на дневниот ред и би ве замолил од мое име, ценејќи го дигнитетот на Собранието и времето на нас пратениците, а имајќи го во предвид приоритетот на многу поважни работи кои ги имаме за решавање, да се заложите од ваша страна за поефикасно работење на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е. Јас би бил пресреќен кога би било така и се согласувам потполно со вас, но помогнете ми да го сочуваме дигнитетот на Собранието и да биде поефикасно Собранието. Јас самиот не можам на никого да му го ускратам правото по утврдување на дневен ред што ќе говори.

Затоа помогнете ми мене да го сочуваме дигнитетот на Собранието заеднички.

Има збор г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас се откажувам од дискусија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, се откажувате од дискусија.

Јас ги молам сите пратеници кои што во овој момент излегоа да влезат, затоа што со гласање треба да го утврдиме дневниот ред.

Притоа, г. пратеници можеме ли да се договориме за еден предлог кој што ми го доставија координаторите на неколку пратенички групи, а се работи за следното.

Помеѓу 14,30 и 15,30 часот со оглед дека во тој период поголемиот дел од вас одат на ручек, ја напуштаат салата, салата е полупразна, немаме кворум и т.н., а во функција на ефикасноста без разлика кој ќе стигне за дискусиај до 14,30 часот, јас да дадам пауза до 15,30 часот и во 15,30 ама точно во 15,30 да почнеме со работа, да искористиме еден час пауза за ручек. Во тој временски период, до 14,30 и од 15,30, па до кога работиме навистина да бидеме во салата. Јас имам разбирање за тоа и од денеска точно во 14,30 ќе дадам пауза за ручек а во 15,30 да продолжиме со работа.

Ве молам, бидејќи веќе немаме пријавени дискутанти, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

57 пратеници гласаа за, 6 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отварам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Ве молам да гласаме,

58 пратеници гласаа за, 5 воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

59 пратеници гласаа за, 6 воздржани, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општо претрес по Предлогот на законот. Молам кој бара збор.

Има збор г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, не барам збор за да се изјаснувам по законот, меѓутоа со оглед дека министерот за финансии не присуствуваше на ниедно собраниско тело по овој закон, а наша оценка во пратеничката група е дека законот не е само од техничка природа, туку внесува некои новини кои се многу значајни во начинот на изготвувањето, предлагањето, извршувањето на буџетите, па општо и на буџетската политика во Република Македонија, па би било добро да чуеме дали министерот има намера да каже некој збор образложение пред пратениците или ќе расправаме без да го имаме тоа образложение од министерот, па после би решиле како ќе учествуваме во расправата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нам не ни пречи. Министерот за финансии се јави. Господинот Никола Груевски, министер за финансии, има збор.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Немав намера да давам некое воведно излагање, бидејќи не ценев дека има некои такви сериозни проблеми околу законот, за да имам посебни проблеми, меѓутоа, ако се инсистира, можам вака накратко да напоменам неколку работи.

Прво, измените на овој закон се во правец на воведувањето на трезорскиот систем во Република Македонија и поголема прегледно и поголема транспарентност во Буџетот, како и подобро управување со него. Со овие измени неколку фондови, пензискиот фонд, здравствениот, Фондот за вработување и Фондот за патишта влегуваат во добра евиденција на Буџетот и практично станувата дел од него. Меѓутоа, и натаму го задржуваат својството на правни лица и натаму ќе ги собираат приходите, онака како што ги собираа до сега.

Со овие измени на Буџетот воведуваме и некои прашања од доменот на буџетите на локалната самоуправа, каде што се дава одредена поголема самостојност на овие буџети. Исто така, со измените на овој закон се воспоставува поголема контрола на трезорот на Министерството за финансии врз трошењето, врз приходите, расходите и сметководството на Буџетот на другите буџетски корисници и подобра ревизија за овој закон. Така, тоа би било начелно и накратко околу поглавните идеи за менувањето на овој закон.

Исто така, уште ова да го спомнам, дека сопствените приходи, кои што до сега ги имаа министерствата, стануваат дел од Буџетот, така што ќе се има поголема контрола врз трошењето на овие приходи и ќе бидат во рамките на Буџетот. Значи, ќе мора да има програма, како што има програма за трошење на сите средства бо Буџетот, ќе треба да има утврдено точно програма и тоа ќе биде контролирано и ревидирано посилно, отколку до сега. Инаку, сето ова што се предлага е во правец на приближување на Законот за буџет да биде компатибилен со законите во Европската унија. Толку сега за сега, па еве, ако има одредени прашања или нејаснотии, јас сум подготвен да објаснам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот министер за финансии Никола Груевски.

Отворам претрес. Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, господа министри и пратеници, дозволете во врска со овој закон, кој претставува извесна новина во начинот на финансирањето на државните потреби, особено од аспект на нивното централизирање и контрола на страна на државата, од страна на Владата и Собранието, да укажеме на следново.

Прво, тенденцијата, сите сопствени приходи, кои ги остваруваат министерствата и другите органи или институции кои се буџетски корисници, да се прикажуваат во рамки на буџетот на РМ и на приходната и на расходната страна, оценуваме дека е една мерка, која што може да придонесе за консолидирањето на финансирањето на јавните и општите потреби за РМ и особено поголема контрола.

Меѓутоа, она што сметаме дека може да произлезе како проблем е, откако ќе се донесе законот да не може да се извршува така како што е замислен, затоа што сите сме свесни дека во РМ постојат институции, кои не кријат дека остваруваат толку големи буџетски институции, остваруваат толку големи буџетски приходи од сопствена дејност, од самофинансирање и од други извори, кои не се од буџетот, што ги

надминуваат не често и приходите кои ги обезбедуваат од Буџетот на РМ.

Само да потсетиме на една изјава на сегашниот министер за сообраќај и врски господинот Боби Спирковски, кој на крајот од изминатата година на една прес конференција кажа дека неговите приходи, кои не се буџетски и кои се скриени приходи изнесуваат од прилика дупло повеќе, од оние кои ги добива од Министерството за финансии како приходи од Буџетот и дека тие приходи не ги искажува и прикажува, ниту кажува колкави се, затоа што ако тоа го соопшти министерот за финансии, по мое сеќавање во тоа време господинот Стојменов, веднаш ќе му ги скрати буџетските средства. Таа изјава и уште некои други институции за кои нема потреба да ги именуваме, меѓутоа, за кои сите сме свесни дека остваруваат големи вон буџетски приходи, очигледно дека ја финансираат својата работа и трошоци многу повеќе, отколку што со Буџетот се определува.

Спроведувањето на ваквата рестриктивна буџетска контрола врз нивните приходи и расходи, може да придонесе за некои турбуленции во општеството, кои ќе предизвикаат извесни поместувања, иако ние не сме против ваквата определба, меѓутоа, сметаме дека неговото остварување ќе биде многу потешка политичка задача, отколку техничка задача, спроведена со Законот за буџет. На тоа само сакаме да укажеме како политика која, ако се донесе од страна на Собранието и понатаму не се спроведува, ќе биде само еден дополнителен шамар врз политиката која ја предлага Владата, а Собранието ја утврдува.

Второто што сакаме да го укажеме е дека Законот не води сметка дека со неговото донесување, тој директно влегува, тоа правниците го викаат колизија, или влегува во неуредени односи со други седум до 10 закони, кои ние на комисиите ги укажавме. После тоа настана една расправа во која се отворија проблеми, за кои што сите требаше дополнително да се консултираме, конечно, нашиот дел од консултациите, зборувам за пратеничката група на СДСМ, се направени и можеме со сигурност да тврдиме дека овој закон по неговото донесување веднаш влегува во конфликт со сите закони, со кои се уредува постоењето, финансирањето и работењето на фондовите, кои сега се акцептираат во Буџетот. Само да дадеме пример. Ние донесовме пред еден месец закон за здравствено осигурување со кој го уредивме и Фондот за здравствено осигурување и начинот на кој Фондот, на пример, својот финансиски план или буџет за секоја наредна година го утврдува во процедура, која сега отстапува од оваа која ја утврдуваме со Законот за буџет.

Значи, дека овој закон уредува дека тој буџет го утврдува Собранието на РМ. По другиот закон, тоа е Законот за здравствено осигурување, буџетот го утврдува управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување со своја одлука. Тие два закони во овој момент се во колизија. По донесувањето на овој закон и такви се и сите други каде што има фондови, кои завршуваат или кај Владата или кај управните одбори на фондовите, меѓутоа и не во Собранието на РМ. Што значи дека упатуваме апел до Владата и Министерството за финансии да покрене иницијатива кај сите други закони, кои се во конфликт со овој закон, да ги усогласат со одредбите на овој закон. Цениме дека овој закон, со оглед дека Владата го нуди еден месец после оние други, веќе ја корегира својата политика на овие полиња и треба да ги преправи и другите закони. Или, ако тоа не е така, тогаш е добро да слушнеме дека тоа не е така. Во спротивно, јас предлагам работен заклучок по повод донесувањето на законот да и дадеме на Владата рок од три до шест месеци, меѓутоа не подоцна од завршувањето на оваа буџетска година, а тоа е шест месеци, Владата да ги усогласи останатите закони за финансирањето на јавните и општествените потреби во РМ со овој закон. Пред се, оние кои влегуваат фондовски сега во рамки на буџетот на РМ.

Она што мислам дека особено ќе почне да претставува проблем во РМ со овој закон, иако нема да претставува суштински, меѓутоа, ќе претставува формален проблем кој ќе отвори во РМ некои од, да речам, од до сега неоткриените страници на нашата општа потрошувачка. Ние знаеме дека секоја година најчесто или исклучително носиме и закон за ограничување на јавната потрошувачка во РМ, која ја лимитираме врз основа на проекцијата на бруто домашниот производ во наредната година со одреден процент и тој лимит обично, најчесто се почитува и тој е договорен лимит со светските финансиски институции, кои ја финансираат нашата Република, нашата надворешна ликвидност. Претпоставувам дека во Министерството за финансии, како и за многумина од пратениците јасна е тенденцијата дека ние сеуште сме во зоната кога нивото на јавната потрошувачка во

Македонија и понатаму го договараме да се намалува со меѓународните финансиски институции. Впрочем, и политиката на ова Собрание и на оваа Влада и на поранешните собранија и влади е дека јавната потрошувачка во РМ, согласно со нивото на развојот и бруто домашниот производ и тој производ пер капита е на ниво кое недозволува кај нас да имаме јавна потрошувачка, како што е сега која тендира некаде помеѓу 35 - 40% од бруто домашниот производ. Со оглед дека многу ресори и други институции од сферата на буџетската потрошувачка јавно кажуваат и тоа го обелоденуваат, примерот што го соопштив со Министерството за сообраќај и врски и уште други во Министерството за образование, внатрешни работи и т.н., ќе придонесат, сега таа скриена јавна потрошувачка, која не се евидентираше како јавна потрошувачка во буџетот, најчесто почнеме да ја прикажуваме во рамки на буџетот на РМ. Затоа што, сопствените приходи ќе бидат дел од таквата потрошувачка. Или, ако не е така, тогаш би било добро да чуеме како тоа технички ќе се изведува и дали тоа ќе влијае на формалното прокажување на процентот на јавната потрошувачка во РМ, затоа што не би било добро во 2001 година, од кога овој закон ќе почне да се применува, нашата држава да го прекрши трендот и да почне да покажува зголемени стапки на учество во јавната потрошувачка во БДП, бруто домашниот производ и на тој начин да покажуваме тенденција за која никој во РМ, барем формално не се залага. Јас се извинувам однапред, ако заради некои технички пресметковни причини за кои во моментов не сум свесен во Министерството за финансии, тоа така не би се прикажало со овој закон. Меѓутоа, законот барем сега во моментов упатува на таква тенденција. За другите работи за кои има поднесено амандмани, нема потреба од општа расправа, ќе расправаме која ќе дојде амандманот, доколку Министерството не го прифати амандманот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски за учество во расправата.

Дали некој друг бара збор по општиот претрес? (Нема).

Ги молам сите пратеници да влезат во салата, затоа што констатирам дека не сум сигурен дека имаме кворум.

Во меѓувреме побара збор господинот министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Да појаснам неколку работи. Што се однесува за сопствените приходи, интенција е, тоа дополнително ќе се направи. Намерата е, сопствените приходи кои се остваруваат од редовно работење и се финансирани, тоа е едно неработење, финансирано од буџет. Тие би требало да влезат во оваа рамка. Оние што се остваруваат од екстра, вон редовното работење, тие и понатаму ќе останат како средства вон буџетот, за да ги стимулираат буџетските корисници да остваруваат поголеми приходи и да работат повеќе. Значи, тие што се на комерцијален пристап, дополнително, при подготовката на следниот буџет ќе бидат третирани на начин кој го кажав.

Што се однесува до зголемување на јавната потрошувачка, тука не очекуваме такво зголемување, или барем не е сериозно, а со воспоставување на трезорскиот систем ќе се добие многу поголема контрола на тоа како се трошат овие сопствени приходи.

И конечно, за тоа што кажавте дека треба да се извршат и дотерувања на некои други закони, да се прилагодат, до стапувањето во сила на одредени делови од овој закон, планираме да извршиме прилагодување и на неколку други закони врз основа на овој закон, кој што морам да напоменам, дека е работен заедно со меѓународни експерти и е оценет како доста добра измена на закон. Неодамна и тимот на Светската банка во Македонија што дојде за реформа на државната администрација, каде што се вклучува и буџетот, го оцени многу високо, а исто така и законот се работеше заедно со експерти на ММФ кои постојано се во Министерството за финансии и специјално за реализација на трезорскиот систем кој што е поврзан со овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господин министер Груевски.

За збор се јави господинот пратеник Петар Гошев. Повелете.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас сакам во основа да го поддржам правецот на измени на Законот за буџет, затоа што овие измени се во насока на градењето на таканаречениот трезорски систем, кој што овозможува подобра контрола врз средствата кои што се прибираат како јавни приходи на државата. Генерално, за тој правец на измени немам посебни забелешки, а исто така овие измени се, колку што можев да прочитам и во

согласност со некои укажувања на Светската банка во нејзиниот извештај. Меѓутоа, овие измени се грижат да ја зацврстиме глобалната рамка на буџетските средства што се прибираат на јавните средства. Значи, да не ни се овозможува така лесно да излегуваме од планираната големина на буџетските средства. Меѓутоа, министерот знае дека во извештајот на Светската банка исклучителна критика има на контролата на трошењето на буџетските средства и на постоењето на натамошни опасности на фискална дестабилизација и во извештајот на Светската банка се говори поради што може да настане таа фискална нерамнотежа повторно во РМ. Во тој извештај особено се зборува за постапките, за методиката на контролата на трошењето на средствата, за алтернативите на трошењето на средствата и т.н. За цела една потреба од изградба на комплетна процедура, како треба да се контролираат едноставно, или да се прават напори за контрола на трошењето на буџетските средства.

Јас би го прашал министерот зошто ја пропуштаат оваа прилика за малку подетални измени во буџетот за зголемување на контролата на трошењето на средствата, затоа што механизмите кои се во постојниот закон и со овие измени не се доволни. Не се доволни и далеку се од тие што треба да имаме. Овде се зголемува и внатрешната контрола и т.н. со овие измени. Меѓутоа, министерот знае дека во постојниот, јас повеќе пати укажувам на тоа, во постојниот Закон за буџет има еден член, дамнешна обврска на Парламентот на РМ, според тој Закон за буџетот од 1993 година за формирање на независен, стручен орган за контрола на трошењето на буџетските средства, кои што треба да прави сериозни студии и анализи за алтернативните можности на употребата на средствата. Не само за задржување на квантумот на средствата што е планиран со фискалниот план за дадената година. Таа обврска не се реализира, еве и ни со овие измени. Јас спомнував за тоа дека државниот ревизор не е замена за тоа ни од далеку и дека не може да одговори на таа задача и на таа потреба. Но, еве мислам дека се пропушта приликата да се направат подлабоки измени на овој план.

Би можел министерот, ако сака, нешто да каже во врска со тоа зошто тоа се пропушта, затоа што со овие измени уште повеќе се концентрира фискалниот колач на РМ, се создава една страотна моќ, еден страотен центар. Сега и фондовите се таму под ингеренција на едно место, што би рекол, кај министерот за финансии главно оди тоа, кај тоа министерство. Треба голема, голема контрола и голема транспарентност во трошењето на тие средства и при самото планирање, зошто се планира така и при трошењето, зошто се троши тоа така. Еве, толку би сакал да укажам. Инаку, генерално, генералниот правец на измените и дотерувањето на прописите што ја уредуваат оваа материја, лично го поддржувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Петар Гошев за учество во расправата.

Дали уште некој друг бара збор?

Министерот за финансии повторно се јави за збор.

Јас овде гледам по екранот кој е на ред, тогаш повелете господине Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Само за да не се јавува министерот два пати, кога веќе ја отворивме расправата. Во врска со насоките на овој закон, мислам дека господине министре, нема дилеми од потреба од дополнително проучување за другите закони. Тие, едноставно, мора да се променат што побрзо. Управниот одбор донесува финансиски план на фондовите. Тој сега станува дел на буџетот. Тој не може веќе да ги донесува тие финансиски планови, може да ги предлага до Владата, која по овој закон е сега предалгач и на тие фондовски пари пред Собранието на Република Македонија. Значи, сега и Владата е вклучена во синџирот, не само Собранието. Зашто, законот ќе го предложи за буџет Владата на Република Македонија. И, уверен сум дека тие карики мора да се воспостават и низ институционално од фондовите наспрема министерствата, па до финансии, па до Влада, па до Собрание, како што постои и за другите. Меѓутоа, да не продолжуваме понатаму, со оглед дека нема преодни и завршни одредби Министерството дадени во кои овие закни ќе се усогласат, јас мислам дека апсолутно постои потребата, заради остварување на овој закон, не заради потребата да не се оствари овој закон, напротив, да се донесе работен заклучок, Владата во рок од три месеци да ги преиспита сите други закони.

Второ, ова во врска со зголемувањето на јавната потрошувачка, на пример, во членот 3 - е, или тоа е во членот 7 од законот, на страна 5 во членот 7 се содржани нови членови, меѓу кои и членот 3

- е. Во вториот став децидно пишува дека буџетот на Македонија ги содржи и приходите и трошоците од дополнителни активности на корисниците, кои не се финансираат од буџетот. Во заграда уште пишува, само финансирани активности. Мислам дека е добро Министерството, кога веќе овој закон вака оди, ако не можеме тоа да го решиме, набрзо излезе и со дополнување на законот, па макар и по еден месец, да прецизира. На пример, министерот за финансии спомна комерцијални активности.

Дали според другите одредби на Законот за буџетот и според Законот за органите на државна управа или Законот за судство или сите закони поединечно, кои ги регулираат работите во оваа сфера е дозволено тие органи да се бават со комерцијални дејности. И дали тие комерцијални дејности е можно да ги остваруваат како државен субјект, орган на управа на пример, или суд кој е дел од овој буџет.

Треба да се прецизира што значи самофинансирани активности, дали е со можно со комерцијални активности да се бават тие дејности и ако се бават, јас сум уверен дека според оваа дефиниција на членот 3 – е тие ќе бидат составен дел на буџетите. И не сум уверен дека нема да се искажуваат макар како проекција. Исто така, сите знаеме дека во секое министерство покрај буџетските средства постои уште половина сиви средства кои поминуваат низ министерството на еден друг, или трет начин со кој располага министерот, за кој има потсметки итн. За овој закон да се спроведува вака како што е напишано во овој член сметам дека треба многу прецизно да се дефинира, или да се до дефинира со најдобри намери се што тоа ќе опфати, да не зборуваме за универзитетите, да не зборуваме за некои средни училишта. Треба и да го дефинираме проектот во Македонија дали некој за да влезе во одредена дејност мора да вклучи сопствени средства, а некој друг со државни средства не рамноправно да влезе во истите проекти, а притоа да не е должен тие средства да ги уплаќа во буџетот. Па ако сакате нека биде и Универзитетот. Ние набрго ќе донесеме закон со кој можат да се формираат приватни универзитети во Република Македонија. И сега замислете вие ситуација во која некој формира со свои 100 милиони, или незнам колку марки приватен универзитет и излегува на пазарот со комерцијални активности, а државниот Универзитет финансиран од Буџетот го конкурира него на не рамноправни односи. Тој не вкалкулира плати, трошоци, згради, амортизација, затоа што буџетот му ги вкалкулира, меѓутоа го конкурира приватниот сектор, а притоа не е должен тие средства како што рече министерот по комерцијалани основи стекнати да ги уплаќа во буџетот.

Значи, прво, на пазарот тој е нерамноправен, му овозможуваме положба со која тој може да заработува комерцијално меѓутоа на пазарот не се однесува комерцијално и не може да се однесува што е државна институција. Универзитетот е еден пример, има и други примери. Ако некој со државни средства стекнал позиција да остварува комерцијални приходи, тогаш е логично од логиката на вкупниот овој закон кој сега се менува Собранието, или Владата да размислува и тие комерцијални активности да се приходи на Буџетот, затоа што не произлегуваат од приватни активности и приватни фондови. Во таа насока сметам дека треба да се прецизираат овие поими за да може законот да функционира. Инаку ќе се случува ова за што на почетокот зборувавме дека секој ќе изнајде модуси во кои нема да ги вкалкулира, а врз грбот на државата ги создава приходите дополнително.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници, пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ ќе го поддржи овој Предлог на закон, имајќи во предвид дека со предложените измени воглавно се врши подобрување на одредбите кои што ја уредуваат постапката за изготвување, донесување и извршување на Буџетот на Република Македонија. Битна промена претставува определбата Буџетот на Република Македонија да биде составен од буџетите на законодавната, извршната и судската власт, вклучувајќи ги тука и фондовите. Од тие причини еве ние како пратеничка група му даваме поддршка на овој проект.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас се извинувa што повторно земав збор, меѓутоа прашањето на сопствените приходи на одделните министерства, органи и т.н. е малку посложено. Ова што сега се бара да се соберат тие средства во Буџетот е добро, затоа што тие фигурираат како некој независен буџет, таен буџет, скриен

буџет на одделните министерства, органи. Меѓутоа, во наредниве извештаи за Буџетот, во наредните подготовки за Буџетот ќе биде нужно да знаеме ние сите по име и презиме идентификација на сите тие сопствени таканаречени сопствени приходи. Терминот е дискутабилен. Со самото ова што се собираат не е решено прашањето, затоа што тие министерства наплаќаат одредена цена за некои свои услуги во комуни-кацијата со некои субјекти, граѓани или други правни субјекти. Ние не знаеме како ги утврдуваат цените на тие услуги. Немаме поим зошто мораат да бидат толку тие, во таа висина. Како често се менуваат тие цени на тие услуги перку кои што овие министерства формираат некакви сопствени приходи итн.. Мислиме дека треба многу, поголема транспарентност во врска со тие ставки, а досега не сме го имале. Ние едноставно немаме претстава по кои цени и зошто баш по толкави цени, зошто баш така да се наплатува тоа, кој одлучува за тоа, дискреционо право ли е тоа на тоа министерство, на тој орган да се одредува такви цени како ќе му текне, кога ќе му текне и т.н., а тоа се големи оптоварувања за буџетите на граѓаните и на другите корисници на таквите услуги.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Сосема накратко, поздравувајќи ја интенцијата за промена во прибирањето на средствата, исто така понатаму и нивното редистрибуирање сакам да обрнам внимание дека на локалната самоуправа не и се даваат големи надежи дека нештата ќе бидат поинакви. Сметам дека тоа што на многу места локалната власт, локалната самоуправа е во состојба на банкротство во голема мера се должи бидејќи не е јасно како тие средства дотираат до нив и на кој начин, во која процедура може да се постигне измена. Исто така, сакам да се пожалам овде, дека досега неколку пати се обидувам и не успевам за местото Ѓорче Петров за таа општина било што да издејствувам од Буџетот, иако би било сосема прикладно имајќи на ум колкави средства се одделуваат по жител.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и пратеници, бидејќи се дискутира за локалната самоуправа би сакал да кажам нешто околу тоа, затоа што општината Шуто Оризари е една од тие 123 општини која нема статус на општина, таа е дел од општината Чаир. Не е како други општини со ингеренции кои може со урбанизам, со други работи да располага, бидејќи е сето тоа под општина Чаир. Сакам овде да го запознаам министерот за финансии и да ми даде одговор доколку може, доколку не може, во ред. Во општината Шуто Оризари се манипулира многу од градоначалникот, па до општествените служби. Општествени служби нема во општината, само има една општа служба, затоа што таа не е општина како другите општини, таа општина се води како Горче што се води, тие додадени општини кои беа. Значи општината Шуто Оризари е под општина Чаир. Таму се манипулира, таму се издаваат дозволи за рингишпили, и други работи. Сега информиран сум дека околу 10 илјади марки имаат наплатено таму за тие рингишпили, за други работи. Ова е многу важно, бидејќи разговараме за локалната самоуправа и ова еднаш треба да се знае во јавноста колкава е ингеренцијата. Сакам да кажам за манипулацијата меѓу локалната самоуправа која постои меѓу градоначалниците, ингеренциите на градоначалници, си ги земаат премногу за себе, се што сакаат во општините и покрај тоа што не смеат тоа да го прават. Сепак, постои Закон за локална самоуправа во кој е наведено која општина што може да направи и што да издаде.

Значи од една страна Законот за локалната самоуправа, а од друга страна ја прикажувам манипулацијата на општините. Значи има многу манипулации и средствата ги земаат директно на рака со каса прими и се прават злоупотреби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, и нашата пратеничка група ќе го поддрши овој законски проект бидејќи сметаме дека има за цел во системот на буџетирањето да се обезбеди повисока транспарентност, севкупност на буџетските приходи и расходи и се подобруваат услвоите за конторлата. Сигурно е дека натаму треба оние обврски што произлегуваат за дотерување треба да се прават во другите закони. Ние ќе гласаме за овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Стојан Андов за поддршката на Законот.

Има збор Никола Груевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Накратко ќе одговорам, во глобала дискусиите беа добронамерни со искрени укажувања за реформите во државната администрација и конкретно за овој закон. Сакам да укажам на тоа дека покрај овој закон ние започнавме да работиме и на

подготовка на ФЕСАЛ аранжманот со Светската банка, кој што слушнав значи реформа на државната администрација каде што можам да ви кажам дека можеби 65, 70 проценти од сите активности што треба да бидат преземени се поврзани со Буџетот. Така што и во тие рамки имаме утврдено и матрица за до крајот на годината, каде што имаме точно определено рокови за се и активности што треба да бидат завршени и кои што допринесуваат во развивањето на контролата, ревизијата и подобро функционирање на Буџетот воопшто.

Така што сите овие укажувања што беа од неколку страни кажани, поголемиот дел од овие укажувања ќе бидат, или се предмет на овој закон, или ќе бидат предмет на понатамошните активности во реформата. Посебно само би се задржал на контролата која што беше напомената дека не е доволна. Сакам да укажам дека има три нивоа на контрола, а тоа е внатрешна контрола, централна и државната ревизија согласно член 55 од постојниот Закон за буџет во кој што се вели дека контролата на користењето и трошењето на приходите на буџетите ја врши независна служба за контрола која ја основа Собранието на Република Македонија и оваа служба има и должност да го извести Собранието за извршената контрола. Така што централната контрола е Министерството за финансии, а внатрешната е внатрешна контрола. Така што тоа е она што постои и кое што се обидуваме да го развиеме максимум и да го зајакнеме како со овој закон, така и со следните активности што ќе ги преземеме до крајот на годината, а исто така и со целокупниот ФЕСЕЛ аранжман што треба да склучен во првата половина на следната година. Односно кон средината на следната година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Груевски за овие објаснуваша.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 21 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 6 во новиот член 3-в) став 1, член 6 во новиот член 3-г) став 1, член 7 во новиот член 3-е) став 1, член 10 во новиот член 4-е) став 1 за менување на член 13, за бришење на член 14, член 17, член 20 став 1 и 2, член 23, за менување на член 26, член 29 став 1 и 2, член 32 став 2 и 3, член 39, член 41 во новиот член 46-б) став 1 и на член 46 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 20 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Васил Ефтимов поднесе амандман за додадавање нов член 49-а) по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Законодавно -праванта комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 во новиот член 3-в) став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 по новиот член 3-ѓ став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амаднманот на член 7 во новиот член 3-е) став 1 поднесен од ЗПК.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од ЗПК.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 4-е) став 1 поднесен од ЗПК.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 13 поднесен од ЗПК.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амаднманот за бришење на член 14, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се прознесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амаднманот на член 20, став 1, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

**НИЛОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амаднманот на член 20, став 1 и 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амаднманот на член 21, за додавање нов став 2, по ставот 1, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се прознесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Овој закон, покрај другото ги преуредува, веќе постојните роковни временски релации, поставени на ниво на сите корисници на буџетот, до донесување во Собранието на Република Македонија, со тоа што некој од нив ги менува: дали треба до јули или април, до ноември, да ги помине сите фази. Меѓутоа, законот, во последната фаза уредува, само дека Владата треба да го достави до средината на ноември, законот пред Собранието и тука законот ја завршува процедурата. Ако го гледаме Буџетот до неговото донесување, можеме да го поделиме на три дела: еден дел, кој се завршува во рамките на Министерството за финансии, да не ги расправам сите корисници, кои треба да ги додадат сите свои предвидувања, и така натаму и да ги усогласат. Вториот дел, од Министерството за финансии, кон Владата, каде што повторно е уредено со рокови, до кога треба да се уреди и сега, тука е апсурдот. Тоа е се во рамки на Владата. Во рамки на Владата се дефинирани прецизни рокови, како ќе се движи подготовката на Буџетот, до фазата во Собранието на Република Македонија.

Собранието, очигледно, го прифаќа, а и Владата прифаќа, дека со закон, треба да уреди односи, кои се внатре во Владата. Кога министерот за финансии, да го достави буџетот до Владата на Република Македонија, може но не мора да биде член на закон, може Владата со свој деловник, со своја уредба да го донесе Министерот, тоа го прифаќа како логика, меѓутоа, сега не ја прифати логиката, откако ќе влезе во Собранието, исто така, како еден орган, заедно со Владата извршен,односно сега законодавен, ние да се обезбедиме со рокови за внатре, парламентарната процедура, која исто така, има фази кои што ги има внатре владината процедура. Без разлика, дали е тоа Министерство, корисник, Влада.

Со овој закон, како и порано, се уредува во месец ноември, сега во првата половина на ноември, разлика која може да се јави од 15 дена, Владата треба да го достави до Собранието, Буџетот на Република Македонија.

Поранешната обврска беше до 30 ноември, а сега е до 15 ноември. Амандманот бара, сега пратениците неможат да бидат доведени во ситуација, за овој

буџет да се изјаснуваат во рок од 4 дена на пример, откако го добиле, како пратеници Буџетот на Република Македонија, туку со законот да се уреди, дека пратениците мора да имаат 20 дена простор, откако го добиле буџетот, до неговото гласање, односно до расправата во Собранието, со цел, да можат да ги разгледаат позициите и да прифатат, одлучат против или да понудат корекции на предвидената буџетска политика.

Јас, навистина не знам, кој е мотивот Владата да не го прифати овој амаднман, затоа што не ги уредува нивните односи, меѓутоа, она што се случува, е дека Владата не го почитува својот рок од член 21 на овој закон, односно од стариот закон, член 18. И досега Владата беше обврзана, буџетот да ни го доставува пред 1 декември. Меѓутоа, последнава година, 2000, е пример, каде што го добивме во средината на декември и во рок од 7 - 8 дена, во Собранието.

Значи дека постои опасност, ако Владата не го испочитува својот рок кон Собранието, Собранието да биде доведено во позиција на цајтнут. Само да наведам дека од тие причини, тековниот буџет, на пример, не беше гледан од Комисијата за финансирање и буџет, за-мислете го тој апсурд. Затоа што беше доставен 7 дена пред тоа. А и тие комисии што го гледаа само своите раздели, замислете, колку можеле да се посветат на законот, односно на Буџетот, кој во собранис-ка процедура е 7 дена, а во Владина процедура 7 месеци.

Затоа овој закон, овој амандман предвидува Собранието со амандман воведе процедура, ако Владата задоцни во своето доставување на буџетот до Собранието па го достави на 15 декември, како што сега беше случајот, ние да не можеме да одлучуваме за него, пред 15 јануари. Тоа ќе ја натера Владата секогаш да има предвид, дека Собранието, а не само оваа Влада, туку и претходната, а и наредната, дека евентуално рокот може да се продолжи, па тие ако си го продолжат рокот, а тоа ќе биде на нивна штета, затоа што ние неможеме да го донесеме до 31 јануари. Тоа сум уверен дека многу повеќе ќе ги притисне во нивните обврски можноста на 1 јануари буџетот да не биде донесен, и за првите десетина дена од јануари да се финансираат,,повремено финансирање". Ова многу повеќе ќе ги притисне ако ние го донесеме амандманот и ако Собранието не може да го разгледа пред дваесетиот ден. Ако не го испочитуваат својот рок тогаш Собранието ќе го почитува, а мислам дека во тој случај Владата апсолутно ќе се придржува. Затоа не ми е јасно зошто ако се тече како што треба, зошто министерот не го прифати амандманот, меѓутоа, и во тој случај јас апелирам до пратениците да се да се обезбедиме кога расправаме за буџетот да немаме рокови од неколку дена или десет дена туку да имаме рок кој произлегува вон и од нашиот деловник кој е 15 дена, затоа што се работи за буџет, имаме предвид дека во овој случај буџетот ќе ги содржи и уште неколку фондовски буџети кои до сега не сме ги гледале, да потсетам дека ние добиваме право да и нив со амандман ги корегираме. Ние од сега ќе имаме право во Фондот за здравствено осигурување со амандман да ја менуваме политиката, па дали ќе има повеке средства за одредени заштити, примарна, секундарна, колку партиципација, ние имаме право на амандмани во фондовско финансирање. Инаку нема логика зошто би бил во Буџетот. Тоа треба да можеме убаво да го проучиме и затоа овој амандман апелирам до пратениците да го прифатиме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

За збор се јави господинот пратеник Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, само сакам да интервенирам, ние нашата Комисија, јас сум исто во Комисијата за финансирање и буџет, не го гледаше Буџетот за 2000-та, не заради тоа што бевме во цајтнот, туку затоа што немавме кворум на седницата, Никола добро се сеќава. Јас на наша пратеничка група често пати дискутирам за тоа како се однесуваме ние од нашата пратеничка група према тие комисии, меѓутоа, еве, ќе си дозволам овде, има право господинот Никола, пратеникот господинот Никола Поповски, господинот Груевски од говорницата да го повикуваме да присуствува на нашата Комисија кога заседава, кога имам седници, затоа што е матична и значајни проекти се разгледуваат. А инаку, тогаш таа седница, на таа комисија, не се одржа само заради тоа што немаше кворум, а не дека бевме во цајтнот. Еве да не го сега, а беше заменик министерот присутен. Тогаш господинот Груевски само што беше нели именуван па најверојатно имаше други обврски тогаш.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Илија Лазаров.

За збор се јави господинот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас овој амандман го разбирам во насока на чување на сопственото достоинство, односно според Уставот власта е поделена на парламентарна димензија и на извршна димензија, односно законодавна и извршна. Нема ништо спорно, а за мене и 20 дена се во суштина малку, бидејќи се обидувам да одгонетнам и да дознаам како во издржани демократии се дебатира за буџет. Таму буџетот се разработува уште во септември месец за наредната година. Еве јас исто така имам разбирање дека кај нас нештата не се во целост јасни и дека по некој пат ќе мора итно да се дејствува. Но, Буџетот е преобемен проект за да биде разгледуван така на брзина и мислам дека не сме во нестабилна ситуација како земја, и дека можеме да си приуштиме еден прикладен период еве нека е според овој амандман за да го претресеме буџетот. И уште една мала забелешка, и натаму останува нејасно, како тоа, и тоа и до Вас господине претседател го поставувам, како тоа може службеници од Министерството за финансии, на некој начин да се подигруваат со финансиското одделение во Собранието. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Јордан Бошков.

За збор се јави господинот пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, со оглед дека министерот не го прифати амандманот, апелирам и поддржувајќи го амандманот да стварно пратениците го прифатиме, со оглед дека и на самата Комисијата за буџет доста се расправаше, и за наша среќа и среќа на Парламентот сите политички партии, односно сите пратенички групи го прифатија овој амаднман, и не гледам ништо лошо во овој амандман, него само добро, бидејќи ние за себе обезбедуваме 20 дена за да расправаме по Буџетот како многу важен документ, да не ги повторам претходните дискусии и укажувања, имајќи ги предвид дека тука сега ќе разгледуваме и шест нови буџети на сите фондови кои се веќе под капа на Министерството за финансии.

Од тие причини предлагам и молам да пратениците стварно најдат разбирање за овој предлог на Комисијата за финансирање и буџет, бидејќи бевме единствени сите за и тука да го поддржиме овој амаднман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илјаз Сабриу.

За збор се јави господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, сметам дека овој амаднман е корисен буџетското работење во државата и за Владата и за Министерството за финансии.

Ние не сме во состојба, како што рече господинот Бошков, да му посветиме нужно внимание на Буџетот, па да расправаме во две фази. Во сите земји се расправа буџетот во две фази: едната е во почетокот на октомври, другата е при крајот на годината, кога се донесува буџетот. Меѓутоа, ние не можеме, затоа што многу работи зависат од тоа како ќе ги оценат меѓународните финансиски институции, кој простор ќе го договориме со нив и т.н.

А бидејќи некако, се устоли некаква практика да можеме и за три дена да го донесеме буцетот, изгле да дека во расправата во Собранието, ставовите на Собранието, не се така важни и дека е можно, делегациите на меѓународните финансиски институции, да дојдат два - три дена пред Нова Година и тогаш да ги довршиме сите тие преговори, набрзина или да не ги довршиме, па за оваа Влада или за оваа структура или било која понатаму. Ако се случи да се закасни, во тој случај се влегува во времено финансирање што е многу лош сигнал за државата. Значи ќе мораме некаде до 5 јануари, а тогаш многу тешко би се викал Парламентот заради празници и слично да се пролонгира и тоа е многу лош сигнал за неколку дена да се случи такво нешто. Ние како и да е ќе направиме се и верувам дека ќе го доставиме буџетот 20 дена пред рокот, меѓутоа не би сакале од оваа причина што сега ја спомнав да преземеме таква обврска за било кога, не само за оваа година, туку и за наредната година. И плус тоа е влегување на некој начин и во деловничките односи на Собранието, така што предлагам уште еднаш да не се прифати амандманот, бидејќи можеби некогаш да предизвика несакана штета, а ние секако ќе настојуваме да кажам уште еднаш да ги доставиме материјалите од Влада.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на министерот за финансии. Дали уште некој бара збор?

За збор се јави повторно господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, мислам дека министерот со последнава дискусија конечно го одобрува амандманот, меѓутоа има едно мало несогласување. Сегашниот закон го обврзува министерот да го достави кај нас во архивата буџетот на 30 ноември или порано. Тука ние имаме 20 дена до 30 декември, и не е проблем. Министерот сега со измените на Законот своето време на доставување си го скусува за 15 дена, и тој се обврзува со овој закон да го достави на 15 ноември најкасно. Значи, министерот само кон себе се однесува порестриктивно со законот. Значи тој превзема обврска да го достави буџетот во Архивата на нашето Собрание 45 дена пред завршување на фискалната буџетска година.

Сам се ограничувам со плус 15 дена. Ние тоа не го спориме. Ако така сметаат за нас подобро. Тука нема никаков спор. Не треба од 15-ти ноември наназад 20 дена. Апсолутно не. Кога веќе Владата оди рестриктивно кон себе за 15 дена, ние со тоа само добиваме.

Меѓутоа, со овој амандман ние оставаме една можност, Владата ако го пробие рокот, ние тоа можеме во овој закон да им го оневозможиме. Досегашното искуство на независна Македонија е дека рокот никогаш не бил запазен, напротив, секогаш бил пречекорен. Ако е тоа така, како што објасни министерот, тогаш нема потреба ни од оваа сопствена рекстрикција. Нека остане 30-ти ноември. Кога веќе се повлекува на 15-ти ноември рокот, тоа значи, ако они си го почитуваат својот рок, што си го зацртуваат, за нас не постои апсолутно никаков проблем за овој закон. Само ако нивниот рок не се почитува стапува во сила одредбата која се нуди од Комисијата за финансии и буџет. Тука се согласувам со господинот Бошков и сите други кои го поддржаа дека ние треба да бидеме децидни, дека ние не сме во ситуација да носиме буџет од 75 милијарди денари во рок пократок од 20 дена.

Само да кажам уште тоа дека тука не се работи за тоа што се слуша во кулоарите, можност опозицијата и незнам што. Владите ќе се вртат. Секој ќе биде и во позиција и во опозиција, секој. И парламентарното мнозинство да има можност да разгледа во Буџетот, дали има некакви сугестии.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Никола Поповски за учество во расправата.

Навистина се водеше една конструктивна расправа за едно прашање кое задира во законодавната надлежност. Можам да Ви кажам дека често владите паѓаат во развиените демократии токму по прашањето на Буџетот. И тука се водат во три фази. Од септември започнува, како нацрт, како тези ги добиваат, па потоа во октомври уште еднаш, па во ноември трет пат дискутираат. Три - четири читања има на Буџетот.

Буџетот е централниот механизам на контрола на секоја законодавна власт во однос на извршната власт. Токму затоа, јас навистина сум задоволен од квалитетот на расправата што се водеше. Но, како и да е Владата си останува на својот предлог. Ние ќе мораме да гласаме.

Според тоа, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

47 пратеници гласале "за", 18 "против" и 10 "воздржани".

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 21 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од Комисијата за финансирање и Буџет.

Отворам претрес по амандманот на член 23 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, бидејќи овој член се однесува на фазата на Предлог Буџетот, а не се однесува на веќе донесен Буџет.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

28 пратеници гласаа "за", 41 "против" и 7 "воздржани".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 26 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 и 2 подндсен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 2 и 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 39 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 41, во новиот член 46-6 став 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 46 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 49-а поднесен од пратеникот Васил Ефтимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на зансонот.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, во општиот претрес ние на Комисијата за финансии и буџет го покренавме прашањето на член 51 во врска со влегувањето во сила и примената на законот. Од страна на претставниците на Владата ни беше укажано дека тој проблем на ЗПК се надминал со нивни амандман и дека се усогласува. Меѓутоа, сега во извештајот на ЗПК на член 51 не е поднесен амандман.

Јас предлагам ние да го искористиме деловничкото право во Собранието, доколку министерот смета дека е потребно усмено да поднесеме амандман на член 51.

Дозволете да кажам зошто.

Членот 51 предвидува овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

Еве да претпоставиме дека тоа ќе биде на 20 јуни. На 20 јуни голем дел од одредбите на овој закон нема да смеат да се применуваат или не би требало да се променуваат, особено во делот на само финансирањето, каде се трошоците итн., што значи дека треба да се предвиди одредба во која тој ќе влезе во сила, меѓутоа, одредбите кои се однесуваат на, да не ги набројувам на што, ќе се применуваат од 1 јануари 2001 година. Инаку буџетските корисници, по овој принцип, веројатно ќе треба веднаш да почнат да го применуваат законот, да речеме од оние членови за кои разговаравме претходно дека на посебни сметки не ги двојат, туку ги уплаќаат во Буџетот и т.н.

Сметам дека не би било лошо, со оглед на тоа јас не сум доволно вешт во правните работи, освен како не се се смета дека не е пречка, меѓутоа, може да произлезе и како пречка до колку не предвидиме дека некои одредби не се применливи, освен со новиот Буџет, а тој ќе стапи во сила од 1 јануари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор министерот за финансии господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Оваа сугестија од господинот Поповски туку што беше прифатена. Веројатно тој го нема видено амандманот на Васил Ефтимов.

Амандманот на Васил Ефтимов е интервенција во член 49-а и укажува токму на оваа работа, која штотуку беше прифатена пред неговата дискусија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ако тоа е задоволено со амандманот на господинот Ефтимов, тоа е во ред.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме по Предлогот на законот.

73 пратеници гласаа "за", еден е "против" и тројца "воздржани".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите со Предлог на закон.

Почитувани дами и господа пратеници, согласно со претходниот договор давам еден час пауза за ручек.

Продолжуваме со работа во 15,30 часот.

(По паузата).